АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 22. 11. 2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 5267 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 ноември 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

   Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите ("Службен весник на Република Македонија" бр.30/15), радиодифузерите се должни овие податоци третиот пат да ги објават најдоцна до 31 октомври.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар не ја исполни обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето** Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, во третиот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

9. Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја изврши обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***